ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Су.бр.04-39/19-8

10.12.2019 година

БИТОЛА

СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР НА ОСНОВНИОТ СУД БИТОЛА, Силвана Дејаноска, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/2019, за вработување на судски службеници на неопределено време, за работно место самостоен референт- одговорен сметководител - 1 извршител, по доставениот Предлог на кандидати за вработување со утврдена Ранг-листа на Комисијата за вработување на судски службеници од 06.12.2019 година, на ден 10.12.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор за вработување**

За работното место самостоен референт- одговорен сметководител - 1 извршител, се избира кандидатот:

1. **Билјана Цонкинска Младеновска со шифра бр.СУД02/19СМЕ03**

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по конечноста на оваа одлука

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основниот суд Битола во дневните весници „ Вечер " и ,, Коха " од 31.10.2019 година, објавен е Јавен оглас бр.2/2019 за вработување на судски службеници на неопределено време за работното самостоен референт- одговорен сметководител - 1 извршител.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за избор на судски службеници, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината . . . Сл.Весник на РМ бр.236/2018 од 24.12.2018 година, до Судскиот администратор на судот доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг-листа од 06.12.2019 година.

Со ранг листата за работното место самостоен референт- одговорен сметководител Комисијата за избор на судски службеници го предложи кандидатот Билјана Цонкинска Младеновска со освоени најмногу бодови после спроведената постапка.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот со утврдена Ранг-листа од 06.12.2019 година, доставен од Комисијата за избор на судски службеници, истиот го прифати и одлучи за работното место самостоен референт- одговорен сметководител да биде избрана кандидатот Билјана Цонкинска Младеновска од Битола.

Примерок од Одлуката да се достави до избраниот кандидат, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на интернет страната и на огласна табла на судот.

Поради горенаведеното следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР
Силвана Дејаноска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршен избор преку овој суд до Советот на судска служба